# Постапка за студентите запишани 2011 година

## Пријавување на испити

Пријавувањето на испитите се одвива во 2 чекори, електронски и со хартиена пријава. Пријавувањето на испитот се смета дека е комплетно само ако е направено и на двата начини. Се пријавуваат сите испити кои студентот планира да ги полагаа во сесијата.
Заради потребите на пријавувањето, поставени се виртуелни термини за полагање на испитите, односно датумите објавени на системот не соодветствуваат со термините во кои ќе се полаат испитите. Кончените термини се договараат со координаторите на студиските програми и предметните наставници.
Електронското пријавување на испитите ќе се одвива преку оваа адреса.
http://dossier.students.finki.ukim.mk/
Постапката за пријавување е опишана тука.
Проблемите и недостатоците при пријавувањето се пријавуваат на http://help.students.finki.ukim.mk/
По електронското пријавување, секој студент е должен да достави и хартиена пријава. Хартиената пријава се купува во околните книжари, скриптари и други продажни места за студентски документи. Истата треба да има потврда за платена административна такса од 50МКД (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС при што се запишува трансакцискиот број добиен со СМС порака или прикачена уплатница за уплатена административна такса).
Исто така, на секоја пријава ЗАДОЛЖИТЕЛНО се запишува во ГОРНИОТ ДЕСЕН АГОЛ бројот на пријавата добиен од електронскиот систем за пријавување за соодветниот предмет.
Хартиените пријави се оставаат заедно со документите за заверка и упис на семестарот, во службата за студентски прашања на ФИНКИ, во периодот 15.-29.03.2012 година, секој работен ден од 14-16 часот.

## Заверка на зимски и упис на летен семестар

Заверката и уписот на семестар се вршат заедно, најпрвин електронски, а потоа сите потребни документи за заверката и уписот се доставуваат во студентски прашања.
Елекронската заверката и запишување ќе се вршат на следната адреса
http://dossier.students.finki.ukim.mk/
Процедурата за заверка на зимски запишување летен семестар е дадена во следното упатство.
Линк до упатство за заверка и запишување.
Кога ќе се заврши електронската заверка и запишување, документите се оставаат заедно со пријавите за испити, во службата за студентски прашања на ФИНКИ, во периодот 15.-29.03.2012 година, секој работен ден од 14-16 часот.
Потребните документи за заверка и упис се наведени претходно.